**1. Цел**

Цел на ова работно упатство е да го дефинира начинот на подготовка на ракописот за објавување во меѓународно списание на трудови на единицата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**2. Подрачје и примена**

Се применува од страна на авторите одговорни за доставување ракописи за објавување во меѓународно списание на трудови на единицата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**3. Дефиниции и кратенки**

УГД – Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

**4. Одговорности**

**4.2.** За реализација на работното упатство се задолжени сите автори на ракописи за објавување во меѓународни списанија на единицата на УГД, како и уредниците на меѓународните списанија на УГД.

**4.2.** Главени носители на одговорностите на ова работно упатство се уредниците и рецензентите на меѓународното списание на единицата на УГД.

**4.3.** Одговорен за преглед на ова работно упатство е претседателот на КИНД.

**5. Опис на постапката**

*А. Подготвување на ракописот (APA Style)*

**5.1.**Ракописите треба да бидат комплетно подготвени во согласност со ова работно упатство и *ОБ.10.32 Instruction for authors.*

**5.2.**Ракописот напишан на англиски јазик треба да биде изработен во MS Word, на не повеќе од 8 (осум) страници **А4** формат, со употреба на Arial со EN поддршка за латинично писмо, со фонт „11“, во нормален пролед (Single Space), со порамнување лево и десно (Justify) низ целиот документ и маргини: долу, горе, лево и десно (2,54 cm).

**5.3.**Ракописот ги содржи следниве поглавја, по редослед:

- наслов (Title), големи букви, болд, 11, порамнување лево и десно;
- име и презиме на авторот/-те (Name and surname of author/s), болд, 11;
- *адреса на авторот/-те, (Author/s address), адресата на повеќе автори од различни институции да се обележи со суперскрипт1, (италик, 10);*
- краток извадок (Abstracts), не повеќе од 250 зборови;
- клучни зборови (Key words), 3-7 зборови кои не се содржат во насловот;
- вовед (Introduction);
- материјал и метод на работа (Materials and methods);
- резултати и дискусија (Results and discussion);
- заклучок (Concluding remarks);
- литература (References).

**5.4.**Поднасловите во одделното поглавје да се со еден вовлечен параграф. На пример:

**Материјал и метод на работа**
**Теренски испитувања**
**Лабораториски испитувања**

**5.5.**По секое ново поглавје се остава еден празен проред, а без проред меѓу насловот и текстот на поглавјето.

*Б. Цитирање на литературата (APA Style)*

5.6.Списокот на цитирана литература се составува според азбучниот, односно абецедниот ред на авторите и хронолошкиот ред на објавување за еден исти автор од поновите кон постарите референци.

5.7.Во цитирањето на литература низ текстот да се следи примерот: Според податоци на авторот Smith et al., 2002, Новаков (2001) или (Dumas et al., 2006, 1999).

5.8.Во цитирањето на литература во поглавјето литература да се следи примерот:

**За книга:**

Пејчиновски, Ф. и Митрев, С. (2007). *Земјоделска фитопатологија*. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип: Монографија.

**За поглавје од книга:**

Okuda, M., & Okuda, D. (1993). *Star trek chronology: The history of the future*. New York:Pocket Books.

**За списанија:**

Avinion, G., Greeg, D., & Johnsom, J. (2006). Characterization of some colliform bacteriaisolated from pork meat. *Journal of Veterinary Pathology*, 88(3), 321-324. Davine, P., & Sherman, L. (2020). Intuitive versus rational jujment and the role of stereotypingin the human conditions. *Psychological Inquiry*, 3(2), 154-160.

**За зборници:**

Накова, К., Ковачевски, М. и Тодоров, Б. (2005). Управување со организациските конфликти. *Меѓународно списание на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип*, 5, 139-146.

Мартиновски, И. (1999). Здравствена состојба на пиперката во југоисточниот регион во Република Македонија во 1999 година. *Меѓународно списание за заштита на растенијата,Скопје*, X, 163-171.

**За презентација од конференција или научен собир:**

Dimitrovski, D., Stafi lov, B., Miravcievska, V. (2004). Organic seed production of vegetables. *VIII Symposium Agroindustry, Velika Plana, Serbia and Montenegro, Proceedings*, 252-259.

Иванов, Б., Тодоровска, К., (2003). Анализа на воздушното загадувањето во велешкиот регион. *Конгрес на еколозите на Р. Македонија, Охрид, Р. Македонија, списание на трудови*, 246-252.

**За магазини:**

Mershon, D. (1998, November/December). Star trek on the brain and alien minds, humanminds. *American Scientist, 86*(6), 585.

**За дневен печат:**

Талески, Б. (2008, март 15). Тотален менаџмент во управувањето со информатичката мрежа во Инфосервис. *Бизнис*, стр. 8.

**За енциклопедија:**

Sturgeon, T. (1995). Science fi ction. *The Encyclopedia Americana* (Vol. 24, pp, 390-392).Dabury, CT: Grolier.

**За веб-страница:**

Статистички завод на Република Македонија (2009). *Статистички годишници на Република Македонија*. Прочитано на 4 март 2009 година. http://www.stat.gov.mk

*В. Прилози*

5.10.Табели: насловот на табелата треба да е секогаш над табелата, големина на буквите - 11, без проред помеѓу табелата и насловот.

5.11.Слики: насловот на сликата треба да е секогаш поставен под сликата. Под слика се подразбира графикон, фотографија, цртеж, шема, пита, хистограми итн. Фотографиите се приложуваат во формат и квалитет кој е неопходен за печатење, во посебен фолдер, а авторите се одговорни за оригиналноста на истите.

**5.12.**Повикување на прилозите низ текстот, пример:
Во табела 2 е прикажана бројноста на видот;
Највисока бројност на видот е во март (сл. 3, таб. 1).

**5.13.**При користење на единици, како и нивните симболи, авторите треба да го применуваат Интернационалниот систем за единици (SI - International System of Units).

**6. Мерење**

Не се утврдени мерни точки во постапката за подготовка на ракописи за трудови во меѓународни списанија на единиците на УГД.

**7. Документи и прилози**

Прилог 1: *ОБ.10.32 Instruction for authors*